Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/ Num. ark.: 20-5/1
Датум/Data: 16 .04.2024

**До: Министерство за правда**
**Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9**
**Скопје**

Предмет: Ургенција;
Врска: Наш акт бр.21-13/1 од 31.10.2023 година;

Почитувани,

Со наш акт под горенаведениот број и датум, Ве известивме дека Комисијата за организации со статус од јавен интерес согласно со член 80 став 1 алинеја 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и„Службен весник на РСМ" бр.239/22), е надлежна да разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес.

Меѓу организациите кои се должни да доставуваат деловни и финансиски извештаи е и Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово Пласница, која со статус на организација од јавен интерес се стекна со Решение бр.44-2124/1 од 31.5.2017 година.

Комисијата ги разгледа Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година и 2021 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово Пласница, при што констатираше дека наведеното здружение нема своја веб страница, ниту пак ги објавува извештаите на веб страницата, а согласно со член 87 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и („Службен весник на РСМ" бр.239/22), во кој е пропишано дека извештаите од членовите 85 и 86 се јавни и се објавуваат на веб страницата на организацијата со статус од јавен интерес до 30 април во тековната година за претходната, а воедно во неколку наврати се обрати и до организацијата со цел постапување согласно наведената законска одредба, но организацијата и покрај неколку доставени дописи од страна на Комисијата, по истите не постапи.

Во членот 99 од горенаведениот закон е пропишана глоба во износ 200 до 300 евра во денарска противвредност која ќе и се изрече за прекршок на организацијата со статус од јавен интерес ако не ги објави извештаите согласно со членот 87 од овој закон.

Имајќи во вид дека согласно со член 132 од Законот за прекршоците („Сл.весник на РСМ“ бр.96/2019), законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се

применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ( законот е е влезен во сила на ден 25.05.2019 година), при што измена на прекршочните одредби од Законот за здруженија и фондации не е направена, поради што ве молиме како надлежно министерство носител на овој закон, а од причина што по горенаведениот допис до денес сеуште немате одговорено, да се произнесете по однос на околноста дали за наведеното здружение има услови да се применат одредбите од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и„Службен весник на РСМ" бр.239/22), кои се однесуваат на постапката за порамнување односно прекршочна постапка против наведената организација.

Ве молиме за итно доставување на ваше мислење по однос на оваа ургенција.

ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ
СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Марија Митевска